# СТРАДАЊАТА НА
# СПАСИТЕЛОТ ХРИСТОС





Со благослов на Неговото Високопреосвештенство
Митрополит Дебарско-кичевски г. Тимотеј

ПРАЗНИЦИТЕ НА ПРАВОСЛАВИЕТО

# СТРАДАЊАТА НА СПАСИТЕЛОТ ХРИСТОС

Издава: Свештена Бигорска Обител Свети Јован Крстител



Раскажано од:

Евангелие според Матеј, глава 26 - 27; Евангелие според Марко, глава 14 - 15;
Евангелие според Лука, глава 22 - 23; Евангелие според Јован, глава 18 - 19.

Дне́сь виси́тъ на дре́вѣ, и҆̀же на вода́хъ зе́млю повѣ́сивый:
вѣнце́мъ ѿ те́рнїѧ ѡ҆блага́етсѧ,
и҆̀же а҆́гг҃лѡвъ цр҃ь: въ ло́жнꙋю
багрѧни́цꙋ
ѡ҆блача́етсѧ, ѡ҆дѣва́ѧй
нб҃о ѻ҆́блаки: заꙋше́нїе
прїѧ́тъ,
и҆̀же во і҆ѻрда́нѣ свободи́вый
а҆да́ма: гвоздьмѝ пригвозди́сѧ
жени́хъ цр҃ко́вный: копїе́мъ
прободе́сѧ сн҃ъ дв҃ы.
покланѧ́емсѧ
стр҃те́мъ твои҆мъ хрⷭ҇тѐ:
покланѧ́емсѧ стр҃те́мъ твои҆мъ
хрⷭ҇тѐ: покланѧ́емсѧ стр҃те́мъ
твои҆мъ хрⷭ҇тѐ, покажѝ на́мъ и҆
сла́вное твоѐ воскрⷭ҇нїе.

Денес виси на дрво,
Оној што земјата ја обеси
на водите; со венец од
трња е крунисан Царот
на ангелите; во смешна
багреница се
облекува Оној
што небото
го облекува
со облаци;
шлаканици прима Оној
што во Јордан го ослободи
Адама; со клинци се
прикова црковниот
Младоженец; со копје се
прободе Синот на Дева.
Се поклонуваме на Твоите
страдања, Христе; Се
поклонуваме на Твоите
страдања, Христе; Се
поклонуваме на Твоите
страдања, Христе, покажи
ни го и славното Твое
воскресение.








## Ерусалим, спроти Пасха, 33-та година по Христа.



Пред само неколку дена народот ерусалимски триумфално Го пречека Господа Исуса Христа, и со палмови гранчиња во рацете, громогласно извикуваше „Осана“, нарекувајќи Го свој цар. Еве дојде четврток, 13-от ден од месецот Нисан.

Зајдисонце.

Само што заврши Тајната Вечера, ден пред Јудејската Пасха.

На таа Вечера, Господ им ги изми нозете на Своите ученици - апостоли, и им даде леб и вино, со што ја изврши Тајната на Светата Евхаристија, и така ја основа и ни ја предаде вистинската христијанска Пасха. Потоа со Своите ученици Му испеа пофална песна на Бога и заедно излегоа надвор од градот.

Поаѓаат кон Маслиновата гора и таму Господ започнува силно да се моли. Он никако не сака да одмори во тие мигови, бидејќи Неговото срце веќе ги чувствува страдањата што Му претстојат. Уште по патот во таа длабока ноќ, тага и страв ги обземаше срцата на учениците, кои сепак, беа задоволни што верно останаа покрај својот Учител, за разлика од Јуда кој се оддалечи од Него.

Во тој миг Господ им вели:

-Вечерва сите вие ќе се откажете од Мене. Уште пред неколку века пророк Захарија напишал: „Ќе го поразам пастирот и ќе се разбегаат овците“. Но после кога ќе воскреснам ќе отидам во Галилеја пред вас.





Тогаш апостол Петар, кој по карактер
беше брз, избувлив и самоуверен, Му
одговара на Христа:
-Господи, дури и сите Твои ученици да се
исплашат и одречат од верата во Тебе,
јас никогаш нема да се одречам.
Петар верува дека сам ќе го
победи искушението. Но колку
малку ја познава тој својата
немоќ!
Господ, сепак, го смирува.
-Петре, вистина ти велам, дека
оваа ноќ уште пред петел да запее,
трипати ќе се откажеш од Мене.
Запрепастен од овие зборови
на Учителот, тој почнува да Го
убедува дека тоа сигурно нема да
се случи:
„Ако треба и да умрам со Тебе,
Господи, нема да се одречам од
Тебе, толку многу Те љубам“.
Така зборувајќи, стигнуваат во
Гетсиманија што значи
„Маслинова гора“.





Тоа е една градина каде што Господ често навраќаше со Своите
ученици. Токму таму започнуваат Неговите страдања. На влезот
на градината Христос ги остава Своите ученици. Со Себе ги
зема само Петар, Јаков и Јован. Овие апостоли беа присутни
и на Неговото чудесно Преображение на гората Тавор. Таму ја
видоа Неговата слава, а сега, пак, требаше да станат сведоци на
Неговата тешка борба.
Тешкото искушение, страшните страдања подготвени од оние
на кои Он им направи толку многу добрини и кои толку ги
љубеше, во овој миг се откриваат пред Него со сиот ужас.

Колку страшно!
-Многу е нажалена Мојата душа, и толку Ми е
тешко што ми се чини дека ќе умрам - им вели
Господ на тројцата Свои ученици. - Останете
овде и бидете будни со Мене. - Потоа малку
се оддалечува, и со лице наведнато кон
земјата, започнува топло и смирено
да се моли:

**„Отче мој, ако е можно нека
Ме одмине оваа чаша, но
не како што сакам Јас,
но како што сакаш Ти“.**



-Отче мој, ако е можно молитвата Моја да се смести во Твојот план за спасение на светот; Те молам, оддалечи ја од Мене оваа горчлива чаша на Страдањата. Но не како што сакам Јас, туку како што Ти сакаш, така нека биде!

Господ посака да ги земе на Себе сите зла, сите беззаконија што ги направи родот човечки, како Он Самиот да ги направил, и покрај тоа што никогаш не стори ниту најмал грев. Он ќе се даде како жртва, за нас да нѐоправда и спаси. Ќе прифати да плати со Својата крв. А нашите гревови се исто толку големи во очите на Неговиот Отец, колку што се погибелни за нас.

Навистина, нашиот мал и слаб разум не може ни да сфати до која длабочина на безднаta се спуштивме, ниту, пак, колкава е големината на дарот и благодатта што ќе ни се дадат од Бога преку жртвата на Единородниот Негов Син.

Но сето тоа што следува многу ја плаши Неговата света душа. Он бара од Својот Отец да не мора да ја вкуси горчината на смртта. Ете, во овој миг пред да Го заробат, на човек му се чини дека Господ се понижува, се потчинува. И тоа е вистина! Овие мигови и часови се најзначајни за нас. Сега се подготвува нашето избавување и спасение. И во тој час, сатаната ги собира сите свои сили за да Го порази







нашиот Господ, уверен дека ќе победи.

Значи Господ, Кој иако ја знае Својата безгрешност, за момент како да личи на исплашен човек Кој се противи на неправедната и срамна смрт што иде. Бара од Својот Отец да Го одмине горчливата чаша на смртта. Но во истиот тој миг Он се покорува без никакво бунење, со крајна пожртвуваност пред волјата на Неговиот Небесен Отец. Во тие моменти има потреба крај Него да бидат Неговите ученици, но не како помош против Неговите непријатели, оти тоа е невозможно, туку само како утеха, во надоаѓањето на тагата што го обзема Неговото срце. Изнемоштен е, и речиси во безсознание од големата слабост што Му ја предизвикува борбата. И наеднаш од небото се појавува ангел за да Го поткрепи. Му ги брише солзите, потта и крвта што течат по Неговото тело. Му помага да стане. А и божествена роса се излева врз Неговото тело и душа. Он собира сили за да ја продолжи Својата борба!

Што бара Господ од Неговиот Отец?

По некое време Христос ја прекинува Својата силна молитва и се враќа кај учениците. Им беше рекол да бидат будни, такви и ги остави. Но ноќта е тешка и за нив: ги наоѓа како спијат...

-Толку ли немавте сила да останете барем еден час будни со Мене? Јас стравувам за вас и за вашето спасение, а вие, кои толку работи видовте од Мене, не можевте ли макар малку да Ме послушате? Се грижам за вас. Слушнете ја оваа Моја поука: „Бидете будни и молете се, за да не паднете во искушение“. Бдејте и молете се за да не паднете во искушение, кое ќе ве наведе да се одречете и соблазните заради Мене. Ова истото Господ ни го вели и нам. Да се предаваме на молитва во миговите на искушенија.

Христос повторно исчезнува во мракот на градината.

- Отче мој, продолжи Он, - ако не можеш да ја





отстраниш од мене горчливата чаша на смртта, тогаш нека биде волјата Твоја. Како што Ти сакаш!

Каква божествена големина! Секогаш кога се покоруваме на Божјата волја, имаме мир и обилен благослов! Тоа ни го покажува Господ со Своето смирение во тој тежок час.

Еве Го доаѓа кај тројцата Свои ученици и по втор пат ги наоѓа како спијат. Очите толку многу им натежнале од немир, жал и умор што не можат да станат и да одговорат. Он ги остава нажален и се враќа да ја продолжи Својата долга и исцрпувачка молитва.

Еве Го повторно по еден час и што ќе види? - по трет пат ги наоѓа препуштени на сон, безволни, безгласни и потполно несвесни за она што се случува. Страшно! Ги буди.

- И покрај сѐ што ви кажав, вие сѐ уште спиете и одморате. Крајно сте безгрижни и не ни помислувате каква опасност се приближува. Доста беше спиење, им се обраќа со болка. Станете сега и следете ме. Еве, дојде часот. Синот Човечки доброволно се предава во раце на грешници. Одиме да ги пресретнеме. Ете се приближува оној што ќе Ме предаде на Моите мачители.

## ПРЕДАВСТВОТО И ФАЌАЊЕТО НА ИСУСА ХРИСТА

Христос уште не го дорече ова, а ете веќе тука е Јуда, кому му беше позната оваа градина од порано, бидејќи претходно доаѓаше тука со Господа и со другите ученици. Сега тој предводи мноштво Римски војници и слуги, платеници на еврејските старешини. Наоружани се со ножеви и стапови, ламби и фенери, за да не се случи Исус некако да им избега во темницата. Веќе ги имаше подготвено да пазат и да Го фатат Оној што тој ќе Го целива. А Господ застанува пред нив спокоен и решителен:

– Кого барате?

– Исус Назареецот.

– Јас Сум, – им одговора како Оној што има власт.



Сите се поразени од божествената сила што ја покажува Христос. Преплашени, тие паѓаат долу.

Јуда поучен од сатаната продолжува со своето ужасно предавство и Му се обраќа на Господа:

– Радувај се, Учителе, – Му вели и Го прегрнува со лицемерна љубов и срдечност.

– Ученику и пријателу мој, остави го бакнежот, изливите на лажна љубов, и направи го тоа за коешто си дојден овде. Продолжи со предавството. Само да те прашам нешто: зарем со бакнеж, тој знак на љубов и почит, ти одбра да Го предадеш Оној што заради тебе стана човек? Требаше ли и симболот на љубовта со своето предавство да го оскверниш, предавајќи Го Оној Кој сето Свое дело и учење ги заснова токму на љубовта?

Гледајте! Господ Исус Христос не го одвраќа



ученикот и предавник. Не го изгонува од Себе, туку остава да Му се приближи и да Му даде предавнички целив! Остануваме занемени од восхит пред несфатливата за човечки разум, Негова постапка. Колку смирение и трпение, колку кротост и понизност, колку воздржливост и љубов покажува.

Војниците веднаш брзаат да Го фатат Исуса...

Страшни мигови...

Тогаш Петар, без да размисли, со ножот што го зеде со себе од вечерата го удира Малх, слугата на Првосвештеникот, отсекувајќи му го десното уво.

Господ строго го прекорува:

- Врати го ножот во ножницата, бидејќи сите што кренале нож на својот ближен, од нож умираат. Или мислиш дека не можам сега да Го замолам Мојот Отец да Ми испрати повеќе од дванаесет легиони ангели? Но како тогаш ќе се исполнат пророштвата што велат дека Месијата треба да биде убиен?

Со сочувство Он го зема отсеченото уво во Своите раце и веднаш го враќа на старото место, со допир го исцелува несреќниот човек. Не престануваат Неговите чуда на љубовта ни сега кога е во толкава болка и жалост. И секој би очекувал исцелението на слугата во тој пресуден час да ги омекне нивните тврди срца, но напротив, тие се уште погневни. Целосно обземени од сатаната грубо се нафрлаат на Христа со најголем бес и злоба.



- Како на разбојник излеговте со ножеви и стапови да Ме фатите. Зошто? Секој ден седев покрај вас, поучувајќи во храмот, и не Ме фативте.

Тука запира секој отпор на учениците. Римските војници и јудејските старешини Го фаќаат Исуса, Го врзуваат како слуга, понижувајќи Го до крај. Но ете, Он прифаќа да биде врзан, за да може да ги скине нашите окови на гревот и да нѐослободи.

Учениците исплашени и збунети во тој час, се распрснуваат и Го оставаат Својот Учител во рацете на Неговите непријатели. Заминуваат во густата темнина на таа страшна ноќ, малодушни и преплашени да не ги снајде и нив истото...

Зошто Учениците Го оставаат Сам нивниот Учител?



## ИСУС ХРИСТОС ПРЕД СИНЕДРИОНОТ. ОДРЕКУВАЊЕТО И ПОКАЈАНИЕТО НА ПЕТАР.

Исуса Го водат врзан во Ерусалим, право во куќата на Првосвештеникот Кајафа, каде се собрани книжниците и свештениците. Го водат најпрвин пред Анна, поранешен првосвештеник, кој има големо влијание врз првосвештеникот Кајафа. По Исуса оди Јован, возљубениот Негов ученик. И Петар Го следи, но внимателно, од далеку. Јован му е познат на првосвештеникот, па затоа го пуштаат да влезе во надворешниот двор од куќата.





Петар останува надвор бидејќи нема дозвола да влезе, но излегува Јован и го моли вратарот да го пушти Петра внатре. Ама таму ревносниот ученик го обзема страв. Во него веќе се насетуваат првите траги на несигурност. Седнува до огнот што го беа запалиле слугите и војниците, сакајќи да се стопли и да види како ќе заврши сето ова.

Што бараш во ова гнездо на искушенија, Петре? Зошто се криеш меѓу непријателите на твојот возљубен Учител?

Го забележува таму една мала слугинка, обична вратарка, и го прашува:

– Да не си и ти еден од учениците на Овој Човек?

– Не, не сум, – брзо одрекува тој.

Што зборуваш Петре? Толку ли брзо го заборави своето храбро ветување пред Учителот? А сега се плашиш и од прашањето на една обична вратарка? Па таа нема никаква власт. А што ако те прашаше некој Римски војник...



Анна го распрашува Исуса за учениците, за учењето и за Неговото дело, обидувајќи се да најде сведоци што ќе Го обвинат, но не наоѓа. Тогаш Господ одговара смирено, а сепак смело:
– За што Ме обвинуваш Мене? Прашај си ги тие што порано Ме слушале. Јас поучував отворено, на јавни места. Ништо тајно не сум рекол.
– Така ли му се обраќаш на Првосвештеникот? – Го укорува еден од војниците што стојат до Него и Му удира шлаканица за да Го понижи.
– Ако реков лошо, докажи го тоа. Ако ли, пак, зборував добро, тогаш зошто ме биеш? – одговара праведниот Господ.
А можеше во тој миг, со само една нишка од Неговата Божествена сила, мртов да го фрли на земја неправедниот човек. Но Он трпеливо и со крајно смирение ја





поднесува неговата грубост.
–Ти ли си Христос, Синот на Благословениот? – Го прашува Кајафа.
–Јас сум, – одговара Он.
Тогаш Кајафа, разјарен од ваквиот Христов одговор, ја раскинува својата облека и прашува:
–Зошто ни се повеќе сведоци? Што ќе ни се тие, кога Самиот Он изрекува зборови со кои заслужува да биде предаден на смрт.
За тоа време Симон Петар стои до огнот и се топли. Некои од тие покрај него, му велат:
– Не си ли и ти еден од Неговите ученици?
– Не сум,
– отсечно одрекува тој!
– Ама нели пред малку те видов заедно со Него? – Се сети еден од роднините на Малх. – Ете и говорот твој го покажува тоа.
И колку страшно... милиот ученик на Господа, Петар, кој



само до пред малку се заколна пред Својот Учител дека нема никогаш да се откаже од Него, па дури и ако треба со Него да оди во затвор, па и во смрт, наеднаш почнува лажно да се колне и да одрекува по трет пат:

– Не знам, не Го познавам Човекот!

Зошто направи така, ти кутар Петре? Зошто се потпре на твојата сила и непромислено се смеша со непријателите на Господа? Да ги примеше со смирение зборовите на твојот Господ, не ќе дојдеше до овој страшен пад...

Зборувајќи го тоа, запеа петел. И се заврте Господ и го погледна Петра, и се сети Петар на Господовите зборови, пред петел да запее, трипати ќе се одречеш од Мене.

Додека ученикот се откажува од Учителот, се слуша глас на петел! И тоа точно тогаш кога по наредба на Анна, Исус Го носат врзан кај Кајафа. Врвејќи по дворот Он го врти Својот поглед и брзо го погледнува Петра. И тогаш на несреќникот му паѓаат на ум Христовите зборови, дека уште пред петел двапати да запее, тој трипати ќе се одрече од Него.

Што сè не кажува овој поглед на Учителот кон ученикот... Тој е жална потврда на трикратното одрекување, но и повик кон покајание и обраќање, исполнет истовремено со благодатта што на Петра задолжително ќе му е потребна за да го надмине својот страшен грев.



Па излезе Петар надвор и заплака горко.

И Петар си доаѓа на себе. Излегува надвор од дворот, се оддалечува од местото на неговото искушение и пад и со болка во душата плаче горко, прекорувајќи се и срамејќи се од себе си. Покајанието ги ослободува солзните потоци од неговите очи. Но тие горчливи солзи на разочараност од самиот себе, на страшна вина поради одрекувањето, во мигот кога го увиде својот грев, веднаш стануваат благи и спасителни покајни солзи, кои носат утеха и мир за неговата страдална душа.

Таква е љубовта Христова кон секој од нас... Колку е само бескрајна! Дури и во мигот на нашиот пад и одрекување, Он и понатаму нè следи со истата татковска љубов и грижа. Нè чека. Пази на нас. Нè прима кога се каеме. Не нè отфрла никогаш!



# ИСУС ПРЕД ПИЛАТА
# СТРАШНИОТ КРАЈ НА ЈУДА

Таа единствена ноќ во историјата на човештвото, војниците и слугите што Го чуваа Исуса, најдоа можност да ги покажат своите најгневни постапки и чувства. Гледајте како Го исмеваат, плукаат, бијат, повредуваат потсмевајќи Му се. Покривајќи ја Неговата света глава за да не гледа, Го прашуваат со потсмев:

- Пророчи кој Те удри. Така го мачат цела ноќ, сè до утрото. Тешко мене! Творецот на земјата и небото без ропот ги трпи потсмевот и шлаканиците на немоќните, а толку дрски и навредливи Негови слуги. Сам и предаден од Своите, Му претстојат ужасни мигови.

Се раздену ва...

Првосвештениците и книжниците тајно заговараат против Исуса. Го носат во нивниот Синедрион. Се трудат да Му извлечат, макар еден збор за да Го обвинат. Повикуваат лажни сведоци и невозможното сакаат да го направат возможно.

Најпосле, за да ја постигнат смртната казна на која инсистираа, како што Кајафа веќе имаше решено, Го врзуваат и носат во Преторијата, во судницата на Понтиј Пилат. Овој, пак, беше Римски наместник на Јудеја и само тој ја имаше власта да одлучува за животот и смртта. Без негова заповед ниту една пресуда немаше важност. Пред него Го обвинуваат Исуса како



бунтовник и човек што го смутува народот.

Самите тие не влегуваат внатре за да не се осквернат од тоа, според нивниот закон идолопоклоничко место. Сакаат да си останат чисти, за да можат да ја јадат Пасхалната вечера следната ноќ! А зарем не им тежи на совест ова најстрашно злосторство што го подготвуваат, и какво немало во историјата



на сите векови? Како само овие лукави луѓе се лажат себе си!... Предавникот Јуда останува стаписан кога Го гледа измачениот Исус, немилосрдно влечен и врзан со ланци. Неговата совест се буди. Жали за стореното, го чувствува својот страшен грев, совеста почнува да го мачи.

Оди кај првосвештениците и најпосле им вели:

- Згрешив, бидејќи предадов невина крв.

Но тие не му ни обрнуваат внимание.

Целиот во немир, Јуда не може да се успокои. Очајно ги фрла триесетте сребреници во дворот на храмот и заминува помрачен во својата душа. Тешко очајува. Но наместо да појде кај својот Учител, Кој сигурно ќе му простеше како што направи и со Петар, тој упорно го следи гласот на сатаната. Си става јамка на вратот и жалосно го завршува својот живот. Ете какви последици има одвраќањето од Бога и слушањето на советите од сатаната, кој му сака само зло на човекот!

Колку страшен крај за човекот кој го направи најбедното предавство што некогаш се случило на земјата. Среброљубивиот Јуда не виде никакво задоволството од парите, ниту на животот се израдува. Згреши, но не се покаја за да ја придобие милоста Божја и затоа ја изгуби својата душа засекогаш.

Првосвештениците не ги ставаат триесетте сребреници во касата на храмот, бидејќи се цена за човечки живот. Наместо



тоа, тие купуваат нива за таму да ги погребуваат туѓинците кои идеа во Ерусалим како патници или поклоници и тука умираа.

Во тоа време, Исус е сѐ уште во судницата на Пилат. Но покрај сето испрашување тој не наоѓа никаква причина за да Го осуди Христа. А сепак, Јудеите упорно и фанатично Го обвинуваат, набедувајќи Го дека наводно се објавил како цар на Јудеите.

- Ти ли си царот Јудејски? - Го прашува Пилат.

- Ти велиш така. Но царството Мое не е она што го замислувате ти и Моите обвинители.

Јудеите сфаќаат дека Пилат ја препознава Христовата невиност, но продолжуваат да изнесуваат и други лажни обвиненија против Него. При сето тоа, нашиот Господ молчи во Својата божествена семоќ. Сега стои молкум пред нив како да



е виновник, но кога ќе дојде пак на земјата, Он ќе застане како Судија и од Неговиот Суд ни еден вистински виновник за злото нема да избега.

- Зошто не одговараш? Гледај колку Те обвинуваат, - прашува Пилат повторно.

Овој чудесен мир и молк на Господа, во миговите кога Неговиот живот е во опасност, буди голем восхит кај римскиот намесник. Тој ги повикува првосвештениците и народните старешини.

- Ми Го донесовте овој човек овде и изнесовте тешки обвинувања, дека е бунтовник и дека божем го учи народот да не го слуша Цезарот. Но јас внимателно Го испитав пред вас, и во ништо не Го наоѓам виновен. Он не направил ништо што заслужува смртна казна. Ќе Го камшикувам, за да Го опоменам да внимава во иднина, и потоа ќе Го ослободам. И онака според вашиот обичај, секоја година за Пасха, ви пуштам на слобода по еден затвореник што ќе го побарате. Сакате ли сега да ви го ослободам страшниот разбојник и злосторник Варава, или Овој Исус што стои пред вас?

Додека стои и чека народот да реши, неочекувано му доаѓа Прокла, неговата сопруга. Таа го моли да не Го осуди Овој невин човек, оти минатата вечер видела страшен сон и сега е многу исплашена и потресена поради тоа.

Но мноштвото народ, поттикнат од свештениците, веќе бесно



извикува и бара:

- Земи, земи, Распни Го и пушти ни го Варава!

Пилат, сè уште под влијание на зборовите од Прокла, настојува да Го ослободи невиниот Исус. Затоа повторно прашува:

- А што да Му направам на Овој Кој се нарекува цар Јудејски?

- Распни Го! Распни!

- Но какво зло направил овој човек? - Се труди да ги одврати.

- Распни Го! - уште погневно викаат тие.

Пилат гледа дека нема полза од зборувањето со нив, оти вревата е сè поголема, а тој се плаши од бунт и противење на народот, па затоа зема вода и ги мие своите раце пред нив.

- Невин сум за крвта на овој праведен човек. На вас паѓа одговорноста за неправедното злосторство. - Со тоа сака да ја смири својата совест и сета одговорност и вина да ја префрли на нив. А народот во безумство немилосрдно вика:

- Вината од Неговата крв нека падне на нас и на нашите деца.



# ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС Е КАМШИКУВАН И ИСМЕВАН ОД ВОЈНИЦИТЕ. ГО ОСУДУВААТ НА СМРТ НА КРСТ

Тогаш им го ослободи Варава, а Исуса откако Го биеја, Го предаде да биде распнат.

И еве Пилат им го ослободува Варава, а Христа Го предава да биде камшикуван и потоа распнат, како што одредуваше и самиот римски закон! Си мисли тој: „Ако Го предадам Овој Човек на камшикување пред да биде распнат, можеби еврејските старешини ќе се сожалат на Него, па ќе Го поштедат од неправедната смртна казна“.

Што е тоа камшикување? Тоа е многу силно и сурово удирање. Војниците безмилосно со кожен ремен го удираат осудениот по грбот и нозете. Најчесто од силата на ударите осудениот умира. Но нашиот Господ издржува сè.. И тоа не е крај на Неговите маки... Потоа, римските војници Го носат внатре во дворот на палатата на Пилат, и цела чета се собира околу Него. Ете им можност малку да се забавуваат. На сето она тепање уште и се исмеваат и Го понижуваат повредениот Христос, затоа што според обвинителите Негови се замислувал цар на Јудеите.
Од бодликаво растение со многу долги трња плетат венец за царот... Му го ставаат на Неговата света глава наместо царска круна, за потсмев. Му носат дури и црвена наметка наместо



царската порфира, а во десната рака Му ставаат трска наместо царски скиптар. Се поклонуваат пред Него и се подбиваат:
- Радувај се, царе јудејски!...

Презриво Го плукаат и удираат по главата со трската што Му ја дадоа во раката, за уште подлабоко да Му ја наврат трнливата круна, без да си ги повредат рацете.
Какви страшни маки и нечовечки понижувања трпи нашиот Господ, Владетелот и Создател на сиот свет, а сепак, молчи во Своето долготрпение. Оној Кој можеше со само едно движење, со еден Негов збор да ги порази своите мачители! Конечно завршува камшикувањето и потсмевот и Пилат се појавува пред



Преторијата, и покажувајќи Му Го на толпата Исуса целиот во рани, со трнов венец на главата и покриен со црвена наметка, вели:
- Доволно Го казнив овој човек. Го носам овде пред вас за да видите какво сурово камшикување претрпе. Оваа казна е доволна, бидејќи не гледам никаква причина за смрт. Ќе Го ослободам!
- Земи и распни Го, - викаат Јудеите полни со бес и завист. - Ако Го пуштиш на слобода, не си му пријател на Цезарот, - се закануваат тие.
Пилат трепери од тоа што го слуша. Стравува дека функцијата ќе му биде загрозена. Буквално е поразен од очај поради безизлезот во кој се наоѓа. Го изведува Исуса надвор од палатата и седнува на судскиот трон пред јудеите, кои не влегоа внатре за да не се осквернат. Судењето завршува. Останува уште само да се донесе последната одлука, која за Пилат е страшно тешка...
Веќе е пладне, навечерие на Пасха, денот кога, според преданието, јудеите го колат пасхалното јагне и подготвуваат вечера.
Толпата е сè понестрплива да го види крајот на судот и извршувањето на казната пред да заврши денот. Не смее да се изгуби ни минута. По само неколку часа, требаше, според нивниот закон, да се измијат и очистат себе си за да земат учество во



пасхалната вечера! Но наместо тоа, тие го прават најголемиот грев во историјата на човештвото. Како си помислија дека ќе можат да се измијат, несреќните...
- Гледајте колку страда вашиот цар, - Пилат за последен пат се обидува да ги предомисли Јудеите.
- Не е наш, - викаат тие со голема јарост. - Носи Го бргу од овде. Ние немаме друг цар освен Цезарот.
Обземени од сатаната, не ни сфаќаат што велат. Не се свесни дека го кршат првото и најголемо начело на својата вера, дека за нив вистински цар е Господ на нивните татковци. Оној истиот Цезар, што така лекомислено го исповедаат за цар, по само неколку години ќе им го разурне градот до темел!



Гледате ли колку сатаната го заслепува човекот... Каде го води... Петра во одрекување, Јуда во очајание и самоубиство, а Јудеите, пак, избраниот Божји народ, во убиство на Богочовекот! Сега веќе ништо не може да ја смени нивната одмаздољубива желба. Свесен за тоа, Пилат им Го предава Исуса за да биде распнат!

Нивната злорадост ја објавува сета длабочина на горчливата омраза во нивните срца. Пилат, пак, се покажува како човек страшливец, колеблив и беден по душа. Им Го предава Исус за да нема удел во распнувањето. Се заплетка кутриот, во сопствените мрежи. Иако совеста му налагаше да постапи правилно, тој не ја спроведе правдата што од него ја бараше неговата функција. Римските војници се само слепо орудие на пресудата.
Сета одговорност за ова беззаконие лежи на јудеите.





## РАСПНУВАЊЕТО И СМРТТА НА ИСУСА ХРИСТА



Војниците Го земаат Исуса и Го водат на распетие. Му го ставаат тешкиот крст на Неговите и онака истоштени и разранети од камшикувањето, рамена. Обичај беше осудените на крстна смрт сами да си го носат својот крст до местото на распетие.



Излегуваат надвор од ѕидините на градот и одат кон местото наречено „Черепница“, а на еврејски „Голгота“. Он чекори полека, тивко, смирено, презрен и оставен од Неговите ученици, како кротко и невино јагне што без противење оди на колење.

Какво долготрпение и кротост кај нашиот Господ Исус Христос! Со секое движење на крстот раните се подлабоки и болката уште посилна. Трпеливо ги вложува сите Свои сили за да го носи орудието на Своето мачење, но на половина пат веќе не може, крајно е изнемоштен. Тогаш го принудуваат некој си Симон наречен Киринеец, кој во тој час се враќаше од својата нива, да му Го носи крстот.

Зад Него одат жените кои верно Го следеа и мноштво народ што Го оплакува. Тие плачат и горко пролеваат солзи поради страшната неправда. Се удираат по градите, покажувајќи го своето жалење за она што требаше да се случи. Исус се врти кон нив и пророчки им вели:

- Не оплакувајте Ме Мене, туку плачете за вас и вашите деца, бидејќи ве очекуваат големи несреќи и многу маки.

Во исто време заедно со Него на распетие водат и двајца разбојници, можеби пријатели на Варава. Замислете, праведниот Господ да биде распнат заедно со двајца разбојници и страшни злосторници! Како тоа да го прифати нашиот разум?

Ете се на Голгота... Господ наш е многу истоштен. Од сожалување Му даваат да пие жолчка помешана со оцет, колку малку да Му ги ублажи болките и да можат мачителите полесно да го завршат своето ужасно дело. Но Он не сака да вкуси. Сака во полна свест и со сите Свои сетила да се принесе Себеси на жртва за спасение на сиот свет.

Распетието беше најсуровата и најсрамна казна што Римјаните ја применуваа само врз најголемите разбојници или бунтовници. Крстот го полагаа на земјата и откако ќе го соблечеа осуденикот, оставајќи му само едно платно околу половината, со дебели клинови му ги приковуваа рацете и нозете за крстот. На крај го исправаа. Распнатите со часови остануваа приковани за крстот, трпејќи ужасни болки. Некогаш тоа траеше до дваесет и четири часа, но во случај на особено тешка вина дури и до два или три дена. Смртта настапуваше полека, човекот се мачеше без да умре, прикован во една неприродна положба на телото, измачен од жештина и неподнослива жед, проследено со непријатно чувство на задушување. Какво нечовечко измачување!

Пладне е и Го распнаа...

Имало ли некогаш во сета човечка историја, толку злосторничко и грозоморно дело?





Он не носи облека, но облечен е во слава. Во Своите страдања, наместо облека го носи срамот и потсмевот на луѓето. Оној Кој е радост на ангелите, сега трпи крајно истоштување и болка. Му Го ставаат на горниот дел од крстот, на три јазици напишаниот натпис од Пилата, како знак за Неговата вина:

Исус Назареецот, Цар Јудејски.

Но на византиските икони што се одраз на вистината стои натпис: „Царот на Славата". Бидејќи во Распнатиот не гледаме еден осуден губитник, туку Го гледаме Славниот Победник на смртта, седнат на Својот престол!

Распнатиот Исус беше ставен помеѓу двајца разбојници, за да Го прикажат како голем престапник и така уште повеќе да Го понижат... Но тоа е и исполнување на древното пророштво дека меѓу разбојници ќе се вброи и заедно со нив ќе претрпи казна како беззаконик. Кој? Оној Кој сиот Свој живот ги љубеше и спасуваше грешниците, правеше само добро и ги милуваше сите! А зошто? Бидејќи Он доброволно го зеде на Себе нашиот грев, ја прими страшната казна на Крстот, за ние кога ќе умреме да бидеме помилувани и да се вброиме меѓу ангелите. И тоа беше израз на Неговата божествена љубов кон човекот.

А Исус рече: Прости им Отче, оти не знаат што прават

Паѓаат првите капки од Неговата света крв и ја натопуваат земјата, а Он повикува кон Својот Бог Отец. Не мисли на



Своите страшни болки, не бара олеснување за Себе, туку прошка за Своите крвници, за завидливите Јудеи. Бара милост од Својот Отец за оние што Го предадоа на таква бедна смрт. Усрдно моли да не падне над нив Неговата праведна казна, бидејќи не знаат, кутрите, Кого распнале на крст. Не знаат зашто Он во Своето смирение не ги покажува Својата слава и семоќ. Долу под Крстот, грубите и бесчувствителни војници фрлаат ждрепка за Неговата облека. Народот Го гледа и Му се потсмева.

Старешините потсмешливо зборуваат: -Другите ги спасуваше со Своите чуда, ајде сега, ако е Он навистина Христос, нека се спаси Себе си. Нека слезе од Крстот царот на Јудеите па да видиме и да поверуваме и ние... Војниците пристапуваат и со подбив Му се обраќаат: - Ако си Ти навистина царот Јудејски, спаси се Себеси...

Еден од двајцата разбојници распнати со Него, исплашен од смртта што настапуваше, наместо да се покае, колне и вика: - Ако си Ти Христос, спаси се Себеси и нас. - Но другиот го прекорува: - Зарем и во овој час не се боиш од Бога? Уште малку ќе умреш и ќе треба да застанеш пред Него. Ние сме праведно казнети за нашите беззаконија. Но Овој не направил никакво зло, никаков престап.

- И со молитва Му се обраќа на Господа:

Спомни ме, Господи, кога ќе дојдеш во царството Твое.

Сети се на мене Господи, кога ќе дојдеш повторно со славата и силата на Твоето Царство и воскресни ме за и јас да се вселам во него.

Уште денес ќе бидеш со Мене во рајот.

-Уште денес ќе бидеш со Мене во рајот, - му вели Исус! Какво неизмерно човекољубие на нашиот Господ! Првиот жител на рајот е еден покајан разбојник!

На Голгота се издигнуваат три крста: Крстот на нашиот безгрешен Избавител, на непокајаниот разбојник и оној на покајаниот, кој најде милост пред Бога и спасение на својата душа.

Покрај Христовиот Крст стои Неговата Пресвета Мајка. Он беше со неа во сите тешки неволји и страшни искушенија, и сега ја исполнува со извонредна сила и смирение. Со неа се верните Христови следбенички и возљубениот Му ученик, Јован. Несфатлива им е болката на Господа. Распнат и презрен, на работ на смртта. Но и во тие последни страданија Он не мисли на Себе. Исполнет е со грижа за другите.

Се врти кон Неговата Мајка: - Жено, еве кој од сега ќе ти биде син! Нему те доверувам да те штити и да се грижи за тебе. - На Својот ученик, пак, му вели: - Еве ти мајка! Ќе ја имаш за своја како што Ме имаш Мене. - Во тој миг Јован со голема радост ја прима Пресветата за своја Мајка, и да ѝ биде утеха во нејзината неподнослива болка.



Потоа извикува Он со силен глас:

Боже мој, Боже мој, зошто Ме остави?

Пред да го испушти Својот последен здив, Христос силно вика: - Боже мој, Боже мој, зошто Ме остави?... Не толку поради телесната истоштеност, туку повеќе од тежината на нашите гревови, што Он ги понесе за наше спасение. Како Господ од Крстот да ни испраќа порака дека, всушност, го чувствува нашето напуштање и го поднесува нашето страдање заради нашите сопствени гревови.

Несфатливо за нас е она што нашиот возљубен Спасител го преживува на крстот во тој последен час од Неговиот живот. Се чини дури дека и Самиот Негов Отец Го оставил во часот кога Он страда прикован за Дрвото на срамот. Толку скапо го плаќа нашиот долг! Крстната жртва е големо таинство!

Сезнајниот Бог знае дека се сврши сѐшто Он требаше да претрпи за наше спасение. Но за да се исполнат пророштвата, измачен од големата жештина што му ја гори утробата и предизвикува жед, вели: - Жеден сум! - Еден од војниците се сожалува, зема сунѓер, натопен со оцет и жолчка го врзува за долг стап и допира до Неговата сува и изгорена уста. Тогаш Он вели:

Се сврши

Сè е свршено. Пророштвата се исполнети. Моето дело е завршено и спасението на светот е веќе придобиено. Гревот е победен. Волјата на Мојот Отец – исполнета. Страдањата на Мојата душа и тело се доведени до крај. Сатаната е смртно поразен. Изворот на благодатта за луѓето е отворен за никогаш повеќе да не пресуши! Се исполни времето да Го предадам Мојот дух!

Затоа извикува со силен глас:
Отче, во Твоите раце Го предавам Мојот дух. И откако го рече тоа, издивна
Отче Мој, во Твои раце ја предавам Мојата бесмртна душа. И кажувајќи ги овие зборови, издивна. Неговата глава смирено се наведнува, изразувајќи ја така послушноста кон Бога Отецот. Ја предава Својата душа доброволно за да покаже дека Он владее со сè Победителот на смртта мртов е на Крстот, со раце широко раширени за сиот свет да го прегрне! Има ли нешто слично на оваа љубов? Има ли мајка толку приврзана? Или татко кој некогаш имал толку љубов за своите деца?
Петок, четиринаесетти ден од месецот Нисан. Пладне е, но наеднаш се стемнува, како небаре да е ноќ. Сонцето ја сокрива својата светлина. Се расцепува на половина „храмовата завеса“, што ја делеше Светињата на Светињите од светилиштето. Настанува голем потрес. Камења се уриваат, гробови се отвораат. Многу



тела на мртви воскреснуваат и на мнозина им се јавуваат. Големи знаци во природата во мигот кога Создателот на светот издивнува. Созданието сострадува со својот Создател и на свој начин жали за Неговата смрт. Со темнина Го покрива Сонцето на Правдата, што виси на Крстот, бидејќи не може да го гледа најголемото злосторство низ вековите. Сите овие несфатливи појави сведочат дека и природата се буни за најголемата неправда што некогаш била направена, но уште повеќе за чудесната семоќ на Исуса Христа, Вистинскиот Бог.
Природата жали. Ерусалимскиот храм се тресе. Се урива местото на Божјата објава во годините на Стариот Завет. Нашиот Господ со Својата смрт го отвора патот кон небото и ни ја дарува Црквата како ново место за објава на Бога на луѓето. Рајските врати се отвораат за сите нас!

Стотникот, што ги предводи војниците кои Го чуваат Исуса, зачуден од сè што стана, вели:

Навистина Овој беше Син Божји.

-Навистина овој Човек бил Син Божји, – во шок исповеда стотникот. И другите присутни тука, гледајќи што се случува, трепераат од страв. Се удираат во градите, плачат и во длабоко покајание се враќаат во градот.

# ИСУС ХРИСТОС ВО ГРОБОТ

Јудеите преземаат мерки за мртвите тела на осудените да не останат на крстот оти во петокот по зајдисонце веќе започнува саботата. Настапува важен ден, големиот празник Пасха. А тогаш, според јудејскиот закон, не требаше да има непогребани мртовци. Го молат Пилата да нареди да им се прекршат колената на нозете, за смртта веднаш да дојде и побргу да ги тргнат од таму.

Така и бива. Војниците ја извршуваат наредбата над двајцата разбојници. Но со Исуса не прават така, бидејќи Го гледаат веќе мртов. Еден од нив за да биде сигурен во Неговата смрт, со копје ги прободува Неговите свети ребра. Веднаш потекува крв и вода. Тоа е потврда дека е мртов! Војникот стои запрепастен пред невообичаената глетка на крвта помешана со вода. Но Животодавецот Господ преку овој чудесен настан, симболично ни ги предава двете Свети Тајни со кои човекот ќе се спасува во Црквата: Светото Крштение и Божествената Евхаристија.
Веќе е доцна попладне. Јосиф, богат и почитуван член на јудејскиот Синедрион, родум од Ариматеја, таен ученик Христов, се осмелува на еден многу тежок и опасен потфат. Каков? Оди кај Пилат и бара да му биде предадено телото на нашиот Господ, за погребение.



Пилат, откако претходно ќе се увери за смртта на Исуса, му го предава телото на Јосиф, за така можеби малку да си ја смири совеста поради неправедната осуда на Овој човек.

Јосиф сега мора да побрза. Пасхата е на прагот и нема време за губење. Заедно со Никодим, уште еден Христов ученик, оди на Голгота и го симнува Господовото свето тело од Крстот.





Со свештена почит и болка во срцето, верно и со трепет го помазуваат со скапоцени мириси, смирна и алој Неговото рането тело. Потоа го обвиткуваат со посебно скапоцено платно.

На крај внимателно го полагаат во нов гроб, издлабен во карпа. Гробот го затвораат со тешка камена плоча за никој да не може да го земе телото.



Зошто Пилат така лесно му го предаде на Јосифа мртвото тело на нашиот Господ?
Гробот се наоѓа во една градина близу Голгота. Јосиф си го имаше подготвено за себе.





Завршуваат и заминуваат нажалени и без збор. Тука, во Гетсиманската градина, каде што започна страдањето на нашиот Господ, ќе се случи и Неговото Воскресение.
Со погребението на Христовото тело завршува пребивањето Негово на земјата како човек. Он од раѓање, па сè до Неговата смрт, во сè беше подобен на нас, освен во едно – беше безгрешен! Неговото погребение е едноставно, тивко, скриено од народот, нема никакви поворки ни свечености. Но секоја година ние, Христијаните, на Велики Петок си спомнуваме за тој настан, со најдлабоки чувства на жал, љубов и благодарност.

Спроти гробот стојат Марија Магдалина и Марија, мајката Јаковова. Низ солзи внимателно следат каде Го полагаат мртвото тело на Господа. Сакаат и самите да приготват мириси и да дојдат следниот ден за да Го помазаат Покојниот.
До саботата на зајдисонце сите одмораат, според нивниот закон. Но, непомирливите непријатели Христови, јудејските старешини и фарисеите, не мируваат. Тие Го гонат Христа и по Неговата смрт. Утрото во саботата тие се собираат гневни околу Пилата и бараат од него да постави стража на гробот. Оние што Го беа осудиле Исуса за нарушување на Законот, сега и самите го

кршат, но не им е првпат. Целите се обземени од страв дека Неговите ученици би можеле тајно да Го украдат и потоа да разгласат дека воскреснал, како што си беше посведочил и Он Самиот, велејќи дека тоа ќе стане на третиот ден од Неговата смрт. Чувствуваат голема неизвесност и немир.
Пилат им вели: Имате стража одете и направете како што знаете. Безмерно исплашени, тие одат и го запечатуваат гробот. Поставуваат и стража за да бидат сигурни дека никој нема да го допре мртвото тело Христово. Не сфаќаат, кутрите и неразумни, дека ниедна стража не може да ја задржи Неговата семоќ. Немаше човечка сила што во тој миг ќе можеше Зачетникот на животот да го задржи во гробот!
Живоносното, чесно тело на Избавителот наш, ќе воскресне по три дена, кршејќи ги клучевите на мрачното царство на адот и смртта!

Ќе воскресне, дарувајќи му на човечкиот род вечен живот и воскресение, и радост во вечното и блескаво Божјо царство.
Од страшната и света жртва на нашиот Господ Исус Христос на Крстот, од Неговите свети Страдања, дојде радоста на спасението во целиот свет!



# ШТО ПРАЗНУВАМЕ ВО СТРАСНАТА (ГОЛЕМА) СЕДМИЦА

## ЦВЕТНИЦИ

Овој празник секогаш се слави во неделата пред почетокот на Страсната Седмица. Тој ни раскажува за свеченото влегување на Господ Исус Христос во градот Ерусалим. Во таа прилика народот, држејќи палмови гранчиња како символ на победа, Го пречека Христос со громогласни извици: Осана, благословен е Оној Кој доаѓа во името Господово... Вечерта, пак, започнува Страсната (Страдална) и Велика (Голема) Седмица, наречена Голема поради важноста на настаните што се случиле заради спасение на родот човечки: Господ тргнува да биде предаден, исмеван, плукан, биен и распнат, но и да воскресне по три дена. Тогаш храмовите се преполни со народ, кој во умиление на Бога Му пее: Ете Младоженецот доаѓа на полноќ и блажен е слугата што ќе го најде буден, а недостоен ќе биде оној што ќе го најде да дреме. Затоа пази душо моја сонот да не те притисне и на смрт да не бидеш предадена и вратите на Царството да не се затворат пред тебе. Но, разбуди се викајќи: Свет, Свет, Свет си Боже наш, по молитвите на Богородица, помилуј нè.

Според една постара традиција, нашиот народ, обично постарите, уште на празникот Цветници купувале за себе и за своите внучиња големи ламбади (свеќи), честопати украсени со воскресни мотиви. Овие свеќи се чувале и се палеле дури на Воскресение.



## ВЕЛИКИ ПОНЕДЕЛНИК

Оваа богослужба му е посветена на прекрасниот Јосиф, еден од дванаесетте синови на Јаков, кој од завист бил ранет, а потоа продаден од страна на своите браќа и однесен како роб во Египет. Благообразниот Јосиф, како што го нарекуваат црковните песнописци, понел на себе многу страдања, но неговото долготрпение, верност и искреност го издигнале пред египетскиот фараон, кој стекнал огромна доверба во него. Сиот негов живот е праслика на Христовиот живот. Исто така, во овој ден си спомнуваме и за неплодната смоква којашто беше проколната и исушена од Христа. Неплодната смоква го символизира јудејското свештеничко собрание од времето на Христа кое требаше да даде богат и обилен плод. Но бидејќи јудејските старешини не дале плод навреме, т. е. го распнале Христа, тие биле осудени на пропаст. Тука се надоврзува и настанот кога Христос влегол во храмот и ги изгонил сите што таму тргувале и продавале, бидејќи храмот е за молитва, а не место за трговија, каков што го направиле јудејските старешини.







## Велики Вторник

На овој ден си спомнуваме за расказот со десетте девојки. Тој нѐучи да бидеме верни, да се украсуваме со добри дела, да бидеме милосрдни и силно да љубиме, па така да стекнеме расудливост за да можеме да Го пречекаме Христа. Го спомнуваме исто така и расказот за талантите, кој нѐ поучува да бидеме вредни и работливи и да ги умножуваме и негуваме даровите што Бог ни ги дава.





## Велика Среда

Светата и Велика Среда ни зборува за жената грешница која отрчала при Христа и со солзи на покајание ги миела Неговите пречисти нозе, помазувајќи ги со скапоцено миро. Нејзината љубов го привлекла Божјото милосрдие и таа стекнала прошка на гревовите. Во овој ден си спомнуваме и за страшното дело на среброљубивиот Јуда, кој помрачен од оваа страст се спогодил со злобните еврејски старешини да им Го предаде својот Учител за 30 сребреници. Од тогаш тој почнал да го планира предавството.





## Велики четврток

Ова е ден кога си спомнуваме за повеќе важни настани од особено значење за нас луѓето. Имено, си спомнуваме:

1. За мигот кога Христос им ги измил нозете на Своите ученици;





2. За Тајната Вечера во која се случил оној толку пресуден и важен за нас настан. Така, Господ Исус Христос на оваа празнична јудејска вечера го прекршил лебот и му го дал на Своите ученици да го јадат, а потоа и чашата со вино за да пијат од неа. На овој начин Он на Црквата ѝ ја предал новата свештена и Тајна Вечера во која верните, во вид на леб и вино, ќе се хранат со Христовите тело и крв;



3) За Неговата силна молитва во Гетсиманија;





4) За Јудиното предавство.

На овој ден се прави и посебно Елеосвештение (осветување на масло) и потоа сите верни се помазуваат со него за благослов и здравје, бидејќи ова масло има силна исцелителна моќ против сите духовни и телесни болки и страданија. На истиот ден вечерта, кога во нашите храмови по обичај се служи утрената на Велики Петок, читаме дванаесет делови од четирите Евангелија поврзани со страдањата Христови. Пред олтарот има голем свеќник со дванаесет свеќи и секогаш кога ќе се прочита еден дел од евангелието се пали по една свеќа. Подоцна тие свеќи се делат на народот за благослов и здравје.



Исто така, на оваа богослужба, голем крст налик на Христовиот се внесува во храмот и се поставува на средината за верниот народ со длабока почит да се поклони пред него.

Според обичајот, нашите мајки рано наутро во четвртокот, пред да изгрее сонцето, ги вапсуваат со црвена боја велигденските јајца. Јајцето уште од стари времиња го симболизира обновувањето на животот, додека, пак, црвената боја, ја симболизира Христовата крв. Црвената боја е и симбол за радоста на Христовото Воскресение. Првото црвено јајце се посветува на Богородица и се остава да стои на иконостасот цела година.





## Велики петок

Тогаш со жал во срцето си спомнуваме за Светите и спасителни Страдања на Господ Исус Христос, а вечерта на богослужбата го оплакуваме Неговото Погребение. За таа цел, како симбол на Христовиот гроб, се прави посебен Епитаф (Кувуклија), кој често е изработен од дрвена резба, украсен е со најраскошни разнобојни цвеќиња, а понекогаш на него се поставуваат завеси, за да наликува на мала црква. На средината од Епитафот се поставува плаштаница, која според црковното предание го симболизира мртвото Христово тело кое е положено во Епитафот како во гроб. Обично, тоа е со златен конец извезено платно, кое е украсено со раскошни цветни орнаменти на кое доминира зографисаниот Христов лик со блескав ореол. Епитафот се поставува во средината на храмот каде народот може да му се поклонува во текот на целиот ден. Во оној посебен миг од богослужбата кога со голема стравопочит свештениците ја носат во храмот плаштаницата на раце, девојчињата, како некогаш мироносиците, го полеваат со мириси и опсипуваат со латици од цвеќе Христовото тело, а потоа го прскаат со мириси и целиот народ. Вечерта на една посебна богослужба го оплакуваме Христовото погребение со пеење на Статиите на Велики Петок. Потоа околу храмот се прави и литијата со плаштаницата. И на крај плаштаницата од Кувуклијата се внесува во олтарот и се поставува на Светиот Престол, каде што ќе стои во текот на целиот Пасхален период.

На тој ден, сострадувајќи со Христа верните се воздржуваат од многу храна, веселби и целото време го поминуваат во молитва и размислување за Христовата жртва. Дури и камбаните тогаш бијат со жалосни звуци, како потсетник дека треба секој да земе удел во крајното смирение на Христа.






## ВЕЛИКА САБОТА

Празниот Епитаф во храмот покажува дека гробот е празен, нашиот Господ со душата е веќе во Адот, каде ги ослободува душите од веригите на смртта. Затоа, тоа утро богослужбата има празничен, воскресен карактер. Народот радосно пее: „Воскресни Господи, суди ѝ на земјата...“ Црквата е облечена во празнично руво, се фрлаат ловорови или други зелени ливчиња и латици од разни цвеќиња, камбаните бијат радосно и хорот торжествено ја воспева славата Божја. Сите се поздравуваат меѓу себе посакувајќи си: „Убав Велигден“, „Убаво Воскресение“, „Добро Воскресение“, а некаде, пак, „Добра Пасха“.

Вечерта храмот е во свечена тишина, сè е темно, сè додека од царските двери не излезе свештеникот, носејќи ги свеќите разгорени со оган и пеејќи со силен глас: „Дојдете примете светлост!“ Народот тогаш носи големи свеќи, ги пали од свеќите на свештеникот и се собира во дворот на храмот, каде што за некој миг громогласно ќе одекне: „Христос Воскресе“, и ќе започне веселото биење на камбаните, кое ги повикува верните да влезат во храмот на празничната велигденска богослужба. За време на целата богослужба овие свеќи горат, верните ги гаснат само за време на причестувањето, но потоа повторно запалени ги носат во своите домови за благослов. Тие свеќи се носат и палат на богослужбите во текот на целата Светла Седмица сè дури не догорат.

## СВЕТАТА И ВЕЛИКА НЕДЕЛА НА ПАСХА

Тогаш сиот народ и сета природа го празнува и слави Воскресението на нашиот Господ, и Бог, и Спасител Исус Христос.

Ова е Празник над празниците, и Торжество над Торжествата!
Со насмевки на лицата и со радосен глас ликувајќи, пееме:

„ХРИСТОС ВОСКРЕСНА ОД МРТВИТЕ,
СО СМРТ СМРТТА ЈА ПОБЕДИ
И НА ТИЕ ВО ГРОБОВИТЕ ЖИВОТ ИМ ПОДАРИ“.

Зашто нашиот предобар Господ, Исус Христос, нѐ спаси сите од робувањето на ѓаволот и смртта, дарувајќи ни Живот Вечен!






Главен уредник:
Архимандрит Партениј (Фидановски)

Текст:
Архимандрит Партениј (Фидановски)
дипл. теолог Александар Димоски

Лектура:
Сестринството од Рајчица

Дизајн и техничка обработка:
Ангел Мицевски

Фрески:
Михаил Алевизакис (Μιχαὴλ Ἀλεβιζάκης)

Печати:
Бато & Дивајн Графикс Центар - Скопје

Тираж:
500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

271.2-247(0.046.6)(084.11)

СТРАДАЊАТА на Спасителот Христос. - [Ростуше] : [Бигорски манастир "Св. Јован Крстител"], [2017]. - 62 стр. : илустр. ; 23 см

ISBN 978-608-65424-6-7

COBISS.MK-ID 103060490

bigorski.mk